РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
ул. Архимедова бр.2 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 (02) 322 66 55; факс +389 (02) 321 51 12; http:// www.gazibaba.gov.mk; opstina@gazibaba.gov.mk

Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 28/18, 39/18, 99/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.89/22, 171/22, 3/25 и 124/25), Градоначалникот на Општина Гази Баба , на ден __________ година, донесе

**О Д Л У К А**
**за спроведување на стратегиска оцена**

1. За планскиот документ Локален еколошки акционен план 3 на Општина Гази Баба кој го донесува Советот на Општина Гази Баба, потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Како органи засегнати од имплементацијата на планскиот документ Локален еколошки акционен план 3 на Општина Гази Баба определуваат Министерството за животна средина и просторно планирање и Градот Скопје.

3. За планскиот документ Локален еколошки акционен план 3 на Општина Гази Баба за чија изработка е одговорен Градоначалникот на Општина Гази Баба, а го донесува Советот на Општина Гази Баба, донесувањето на планскиот документ Локален еколошки акционен план ќе има влијание врз животната средина.

4. Обемот на извештајот за стратегиска оцена треба да ги опфати следните аспекти: влијанијата на Локалниот еколошки акционен план врз медиумите на животната средина воздух, вода, почва и биодиверзитет.

5. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Гази Баба на следната веб адреса: **www.gazibaba.gov.mk**

6. Против оваа одлука јавноста има право на жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр.30-665/1

Скопје,03.02.2026

Градоначалник на
Општина Гази Баба

**Бобан Стефковски**